Овој леток е дел од серијата напишана од медицински сестри, лекари и експерти со искуство во негата за стари лица. Серијата има за цел да го олесни вашиот пат до сместување во дом за нега на стари лица. Побарајте други летоци со прашања што треба да ги поставите за специфични потреби за нега. Овие може да се преземат на: **www.10questions.org.au**

Негата за стари лица е многу скапа, па затоа е важно да знаете за што плаќате. Може да очекувате да платите неколку различни видови надоместоци, во зависност од вашата финансиска состојба:

Дневните надоместоци, ги покриваат животните трошоци и личната нега. **Основниот дневен надоместок** го плаќаат сите станари, со дополнителен **надоместок за нега** за кој е потребна проверка на приходот и имотот и кој се плаќа врз основа на проценката на Centrelink на вашиот приход и имот.

Од вас ќе биде побарано да придонесете за трошоците за сместување или да ја платите цената на собата договорена со вашиот давател на услуги, доколку по проценката на средствата се смета дека можете да си дозволите. Можете да платите со еднократен износ, кој се враќа кога ќе излезете од домот, дневна наплата во стил на изнајмување, која не се враќа или преку комбинација од двете.

**Места со дополнителни услуги (Extra Service Places)** може да се рекламираат кои нудат поквалитетни услуги и и за кои се плаќаат **Надоместоци за дополнителни услуги (Extra Service Fees)**. Тие подлежат на одредени правила за тоа што може и што не може да ви се наплати. Сепак, **Дополнителни услуги** може да бидат понудени, каде што ви се наплаќа договорен надомест. Овие услуги <u>мора</u> да биде од директна корист за вас и не може да ги покриваат, на пример, трошоците за администрација или реновирање.

Февруари 2023

# ВАШЕ ПРАВО Е ДА ПРАШАТЕ

Најдобар начин да најдете установа за нега на стари лица што ви одговара е да посетите неколку. За да ги најдете вашите локални установи или за повеќе информации за услугите за нега на стари лица, контактирајте: **My Aged Care**

**📞 1800 200 422**

**myagedcare.gov.au**

Ако ви треба застапување или стручен совет за било кое прашање што не е опфатено во овој леток:

**Служба за правата на постарите лица (Seniors Rights Service)**

**📞 1800 424 079**

Овој леток е составен и одобрен од:

За целосна листа на организации за поддршка, посетете ја веб-страницата **www.10questions.org.au**

Ако нешто ве загрижува во врска со некоја установа за нега на стари лица, контактирајте:

📞 1800 951 822

Australian Government
Aged Care Quality and Safety Commission

www.agedcarequality.gov.au

# 10 Прашања да поставите

## ЗА ДОГОВОРИ И НАДОМЕСТОЦИ ВО УСТАНОВИ ЗА НЕГА НА СТАРИ ЛИЦА (CONTRACTS AND FEES - MACEDONIAN)

**www.10questions.org.au**

## 1 Кои се моите надоместоци за сместување?

Стандардните давачки треба да бидат јавно достапни, обично на веб-страницата на установата. Тестирањето на средствата ќе одреди дали треба да ја платите целосната цена плус додатоци договорени со вашиот давател на услуги или само придонес за трошоците за сместување. Не може да се бара од вас да платите повеќе отколку што тестот за средства одредил дека може да си дозволите. Можете да изберете да платите со еднократен износ кој се враќа, дневно плаќање во стил на изнајмување или комбинација од двете*.

## 2 Што е вклучено во основниот дневен надоместок за нега?

Во согласност со договорот за финансирање помеѓу установата за нега на стари лица и владата, храната, постелнината, перењето и некои социјални активности се покриени со основниот дневен надоместок за нега. Ако не сте сигурни, користете ги контактните броеви на задната страна на овој леток за да побарате совет.

## 3 За кои дополнителни услуги треба да платам?

Може да се понудат дополнителни додатоци и услуги, но вие не мора да ги прифатите или да платите за нив. Ако одберете да ги примите, проверете дали се согласувате со тоа кои се тие, колку ќе платите и погрижете се тоа да е запишано во вашиот договор*.

## 4 Дали во мојот договор за станар ќе ги специфицира основната нега и услуги што ми се потребни?

Во договорот за станар треба да се наведени услугите што ќе ги добивате, колку што е можно подетално.

Побарајте специјализирани услуги како што се физиотерапија, подијатрија и стоматологија да бидат вклучени во вашиот договор. Ако имате потреби од голема нега, важно е да има доволно регистрирани медицински сестри во установата за да се грижат за вас во секое време.

## 5 Колку време ќе имам за да го прегледам договорот за станар** пред да донесам одлука?

Договорот за станар е правен документ во кој е наведено како е организирана вашата нега, сместувањето и сите надоместоци што ќе ги платите. Нема временско ограничување или услов за да се согласите со договорот за жител. Сепак, во ваш најдобар интерес е да се согласите на договор што ги покрива вашите права и одговорности што е можно поскоро.

## 6 Дали Повелбата за правата на нега на стари лица (Charter of Aged Care Rights)*** може да биде вклучена во мојот договор за станар?

Вашите права според Повелбата за правата на нега за стари лица и Стандардите за акредитација за нега а за стари лица се применливи само доколку се вклучени во вашиот договор за станар. Затоа е од суштинско значење Повелбата да биде вклучена во вашиот договор за станар.

## 7 Може ли некој да ми помогне да ги разберам условите на договорот за станар?

Според Повелбата за правата за нега на стари лица, имате право да бидете информирани за вашата нега и услуги на начин кој вие го разбирате. Установата е задолжена да организира преведувач доколку ви треба. Ако ви треба повеќе помош, користете ги броевите на задната страна на овој леток за да добиете бесплатни совети.

## 8 Кои трошоци не се покриени со мојот договор за станар?

Општо земено, не се опфатени вашите лекови и сите закажани медицински прегледи, како и трошоците за вашиот превоз до и од закажаните прегледи.  Исто така, ќе треба да купите своја облека и да платите за лични услуги како на пример за фризер. Ако сте се одлучиле за место со дополнителни услуги, некои од овие трошоци може да бидат покриени. Прашајте за што точно ќе се очекува да платите.

## 9 Што се случува ако моите потреби за нега се променат?

Имате право на висококвалитетна клиничка нега и лична поддршка што ги задоволува вашите потреби, без оглед на вашата способнобст за плаќање. Погрижете се да разберете што ќе се случи ако вашите потреби за нега се променат и ако ви треба поголема поддршка. Прашајте дали ќе можете да вклучите дополнителни барања за нега во вашиот договор за станар и дали домот може да обезбеди специјализирана нега доколку ви треба.

## 10 Што се случува ако не можам да си дозволам да платам?

На лице чиј единствен приход е старосна пензија ќе му се наплатуваат 85% од целосната пензија за сместување, нега и услуги. Проверете дека ова е јасно во вашиот договор. Ако сè уште имате потешкотии со плаќањето, користете ги броевите за контакт на задната страна на овој леток за да побарате совет.

* видете го летокот со 10 прашања за трошоците за дополнителни услуги
** погледнете ја задната страна за повеќе објаснувања
*** www.agedcarequality.gov.au/consumers/consumer-right